This project is cofounded by EU

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP

National platform for women entrepreneurship

# СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## ПРЕПОРАКИ И ДИСКУСИЈА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ДЕЛ ВТОРИ

Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева

Член на советодавен одбор на NPWE

**Датум: 03.11.2021 година (петок)**
**Време: 14:00 – 16.00**
**Место: Хотел Бест Вестерн – Турист (ул.Македонија), Скопје**

# ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ – НАЦИОНАЛНА ПРАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- **Главната цел на проектот:** зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.
- **Специфични цели на проектот се:**

1. градење на национална платформа за ЖП како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси;
2. олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни од ЖП на национално и локално ниво;
3. подобрување на капацитетите на граѓанските организации за ЖП за политика, застапување и соработка со националните и локалните власти;
4. промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика.

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

- **GEM извештај:**
  - Слаба перцепција за можности (29%)
  - Страв од неуспех (43%)
  - Помала самодоверба во личните способности (46% ж :64% м)
  - Слаба вмреженост со други жени претприемачи, со организации, асоцијации, бизнис мрежи и сл. (24%)
  - Помали расположливи финансии за бизнис
  - Слаба поддршка во организација на семејниот живот (грижа за деца, грижа за стари лица, домаќински обврски)
  - Помал баланс помеѓу работата и приватниот живот
  - Над 75% од обврските во домот се на жената (неплатен труд)

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

- Потреби на жените (од анализа на пазар):
  - Знаења и вештини од: менаџмент, маркетинг, финансии, рподажба, ИТ...
  - Полесен пристап до финансии (кредити, грантови, бизнис ангели, краудфундинг...)
  - Пристап до информации
  - Членство во аосцијации, здруженија и бизнис мрежи
  - Пристап до ментори и консултанти
  - Помош во грижата за семејството

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – СЕКТОР ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

- Развој на дата бази за женско претприемништво (ЖП) како дел од националната платформа
- Развој на дата база на проекти кои финансираат истражување и развој на ЖП како дел од националната платформа
- Семинари за зајакнување на правната писменост на жените,
- Организирање работилници и конференции за улогата на жените во претприемништвото и во зајакнувањето на економијата и намалување на сиромаштијата и невработеноста
- Креирање на агенции со фокус на ЖП кои ќе соработуваат со сите значајни стеикхоледи за ЖП – владини институции, граѓански сектор, приватен сектор, академски сектор и медиумите

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – СЕКТОР ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

- Поголема промоција (преку различни канали на комуникација) на програми за развој на ЖП
- Бесплатно менторство за користење на грантови и расположливи финансии за ЖП
- Зголемување на бројот на жени на одговорни позиции во политиката преку **организирана поддршка** за жени политичари од постојни организации за ЖП
- Едукација на постојните претприемачи (без оглед на родот) за ефектите од вклучување на жените како дел од работната сила (со цел да се зголеми искуството на жените за отварање на сопствен бизнис во иднина)

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО - ПРОБЛЕМИ, ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ НА ЖЕНИТЕ

- Едукација за вештини и знаења преку обуки - во соработка со невладин сектор, академската средина и приватниот сектор
- Создавање на мрежа на ментори за ЖП како дел од националната платформа
- Националната платформа да се користи како мрежа за поврзување со други бизниси, консултанти, добавувачи, дистрибутери, купувачи, од земајата и странство...
- Стимулации за поединци и организации да инвестираат во компании во женска сопственост преку ризични фондови, партнерство и сл.
- Создавање нови извори на капитал преку јавно/групно финансирање (соработка со веќе постојни модели за групно финансирање, како Funderbim Lets Fund It и др. или воведување на фасилитатори/експерти во процесот на обезбедување на финансии од вакви извори).
- Воведување на претприемништвото во образование од најмала возраст - рано изложување на учениците на претприемачки успешни приказни од двата рода за да се компензира доминацијата на машките модели во наставните програми и практиката за образование и обука.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО - ПРОБЛЕМИ, ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ НА ЖЕНИТЕ

- Истакнување на науката, технологијата, инженерството и математичките предмети (STEM) и дигиталната писменост во програмите за образование од најрана возраст со цел да се намали влијанието на стереотипите за машки и женски професии, особено во рамки на овие области
- Поголема промоција (преку повеќе канали на комуникација) на асоцијации, здруженија и бизнис мрежи за ЖП и мотивирање за членство во истите
- Мотивирање на докажани експерти со искуство во различни области да станат ментори за ЖП со финансиска поддршка од државата или локалната самоуправа
- Промовирање на позитивни успешни приказни на женски основачи и различни сопственици на бизниси преку медиумите, конференции и лидерски движења од различни делови од државата, за да се прикажат можностите за развој на сопствен бизнис и надвор од главниот град
- Градење на капацитетот на асоцијациите и организациите кои се занимаваат со ЖП

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО - ИНСТИТУЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Поврзување на академската заедница и ЖП на национално ниво
- Зајакнување на обуките и образованието за претприемништво
- Обезбедување поддршка на деловните потфати на жените претприемачи преку инкубатори, акцелератори, технолошки паркови
- Подобра соработка помеѓу АВРМ, АППРМ, ФИТР, приватниот сектор, образовниот сектор и граѓанскиот сектор
- Олеснување на условите за работа на фриленсери (преку креирање на поповолни услови за наплата на услуги), со цел жените да се охрабрат да стекнат искуство и преку ваков модел на работење